# ПРОДОЛЖУВААТ РАБОТНИТЕ СРЕДБИ СО ЧЛЕНСТВОТО НА СОНК

## ОДДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ВО РЕГИОНАЛНИОТ ОДБОР НА СОНК – КАВАДАРЦИ

По завршувањето на годишните одмори и отпочнувањето на новата учебна година, раководство на СОНК, продолжи со активностите и оддржувањето на работните средби со членството на СОНК од регионалните одбори на СОНК.

На 6-09-2017 година е оддржана работна средба со членството на СОНК од регионалниот одбор на СОНК – Кавадарци, на која присуствуваа и градоначалникот на Општина Росоман , г-динот Стојче Лазаров и секретарот на Општина Кавадарци, г-динот Кире Делов , како и директори на неколку организации од овој Регион. Присуството на преставниците на локалните самоуправи и директорите на вакви работни средби е веќе воспоставена пракса во СОНК , на кои се отвораат прашања и проблеми на социјалните партнери и на ниво на локална самоуправа и на ниво на работодавец.



На работната средба беа отворени повеќе прашања и од повеќе аспекти во  сите дејности што синдикално ги обединува СОНК, но и беа дадени и мислења за подобрување на условите за работа во сите сфери на образованието и културата. Во дискусијата главен акцент беше ставено прашањето за оддржувањето и негувањето на социјалниот дијалог и партнерство на сите нивоа, неподготвеноста од сите аспекти ( просторно, не обезбеден број на вработени, зголемен обем на работа на постоечкиот број на вработени и др) на воведувањето на двосменското работење во детските градинки, причините за сеуште непотпишаниот Колективен договор во културата, ризикот од евентуален технолошки вишок во образованието и зголемувањето на платите во сите дејности.

Во расправата на споменатите прашања освен членовите на СОНК активно учестваа и претставниците на локалните самоуправи и директорите, давајќи допринос за изнаоѓање на заеднички прифатливи решенија на одредени проблеми кои се во заедничка надлежност. Исто така, како заедничка констатација беше дека прифаќањето  на социјалниот дијалог и партнерство на сите нивоа е најсилен инструмент за надминување на состојби на недоразбирање или незадоволство.

Присатните на средбата изразија огромно задоволство и го поздравија ваквиот начин на комуникација со раководството на СОНК , локалната самоуправа и работодавчите, но и апел за продолжување на вакви или слични средби, што од сите присатни со задоволство беше прифатено.

---

# НОВА ПОНУДА ОД ХАЛК БАНКА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

## Производи и услуги од ХалкБанк АД Скопје

Почитувани, за да ја погледнете новата понуда на ХАЛК Банка кликнете тука!

---

# Наставниците едукатори ја започнаа реализацијата на проектот YouWell

На 01.10.2023 година, 5-те наставници, кои беа избрани на јавниот повик на СОНК за учесници во проектот Sustaining Young Teachers’ Wellbeing at School –YouWell (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901), отпочнаа да ја реализираат својата програма. Имено, секој од нив избра по тројца млади наставници, на кои во следните девет месеци ќе им ја пружаат неопходната помош за да навлезат во тајните на наставничката професија, како и

дополнително да ја засакаат оваа благородна работа.





Наставниците – едукатори одговорија на прашалник, кој придонесе да се добие појасна слика за профилот и потребите на помладите наставници. Тие со своите колеги работат групно и индивидуално, каде се разговара за задачи и конкретни цели кои треба да се постигнат за периодот додека трае проектот.







Наставниците – едукатори се подготвени да го вложат сиот свој капацитет и искуство во работата со младите наставници, со цел да изградат профил на наставник кој ќе ги задоволи и најстрогите критериуми за квалитетен наставник.







# СИНДИКАЛНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА ТЕТОВО И ГОСТИВАР ПРИСУСТВУВАА НА ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

На ден 23.02.2023 година, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР реализираа уште една работилница во рамките на проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука", на која присуствуваа синдикални претставници на СОНК од Регионалните одбори на Тетово и Гостивар.

Целта на работилницата беше да се увиди нивото на владеење и да се прошири знаењето од областа на безбедноста и здравјето при работа на синдикалните претставници.

На работилницата беше опфатен теоретски и практичен дел во однос на позиција работодавач – работник, како и во однос на професионални заболувања со кои се соочуваат вработените во сите дејности што ги застапува СОНК.





Во интерактивниот дел, присутните членови на СОНК поставуваа прашања, разменуваа информации за правата на работниците во делот на БЗР и добиваа соодветни одговори од страна на двајца предавачи односно стручно лице за БЗР и доктор по медицина на труд.

---

# ЗАВРШИ ПОСЕТАТА НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА

# ОБРАЗОВАНИЕ НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Генераниот секретар на Интернационалата за образование, Фред Ван Ливен и потпретседателот на Европската Конфедерација на синдикатите за образование (ETUCE) и на холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, како што претходно најавивме беа во работна посета на СОНК на 1-ви и 2-ри овој месец.

По пристигнување во Скопје високите гости го разгледаа центаралното подрачје на главниот град, како и старата скопска чаршија. Искажаа дека Скопје многу бргу се гради и добива нов лик,  исто така го искажаа и восхитот од изгледот и зачуваноста и автентичноста на стариот дел – познат како скопска чаршија.

Вечерта беше организирана работна вечера со најтесното раководство на СОНК, на која гостите беа информирани за вкупните активности во СОНК особено последните месеци, а во тој контекст посебно за преговорите со Министерството за образование и наука по склучување на Спогодбата помеѓу СОНК и МОН на 3.02.2015 година и имплементација на договореното од истата. Беше разговарано и за натамошните активности на СОНК и во овој дел посебно околу изборните активности во нашиот Синдикат.

Вториот ден од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер, во придружба на Претседателот Јаким Неделков и Генералниот секретар  Весна Неделковска, беа примени и разговараа во МОН со Министерот за Абдилаќим Адеми и заменик министерот Спиро Ристовски. Во разговорот кој траеше околу  час и половина беа разгледани најактуелните прашања во доменот на образование, ставовите на МОН околу реформските зафати и посебно  прашањето околу екстерното оценување, како и за социјалното партнерство

и дијалог помеѓу МОН и СОНК. Генералниот секретар Фред Ван Ливен не го криеше задоволството за посетата на СОНК, со изјава дека СОНК е од исклучително значење за Интернационалата за образование и во последните 15-тина години Интернационата со големо внимание ги следи сите активности на СОНК во делот на образованието и безрезервно ја дава нивната поддршка на СОНК, бидејќи сите досегашни чекори што ги има направено СОНК, од нивна страна се оценети како исклучително значајни, а дел од нив предизвикале значајно внимание и кај другите синдикати за образование. Реформскиот курс на СОНК кој трае повеќе од една деценија има големо влијание и во градењето на Синдикатот во модерна организација, но исто и на вкупното демократизирање на општествениот систем во државата. Неспорниот мулти етнички карактер на СОНК е една од значајните одлики на оваа членка на Интернационалата за образование и пример за градење на современ начин на заедничко живеење, без разлика на националната или верската припадност. Тие се причините поради кои велиме дека СОНК има поголемо значење, а тоа што значи дека СОНК не е само класична организација на Синдикатот, туку ги надминува тие рамки..



Генералниот секретар, како и потпретседателот Дрешер го

искажаа големото задоволство од Спогодбата, како и воспоставениот вистински социјален дијалог и го изразија своето убедување  дека образованието во Република Македонија е на вистински пат и дека МОН и СОНК заедно ќе изнајдат заеднички решенија за сите предизвици што стојат во натамошниот развој на образованието. Генералниот секретар го искажа своето убедување дека е убеден во тоа и МОН и СОНК се свесни и искрено се подготвени да продолжат во натамошното модернизирање, вклучувајќи го и во моделот на екстерното оценување.

Слични ставови искажаа и Министерот Абдилаќим Адеми и Заменик министерот Спиро Ристовски, вклучително и задоволството од социјалниот дијалог со СОНК, а истите ставови беа изнесени и на Прес-конференцијата по завршување на разговорите, искажани од страна на Фред Ван Ливен и Министерот Абдилаќим Адеми.

Делегацијата потоа беше примена во Владата на Република Македонија, каде што разговараа со потпретседателот на Владата Владимир Пешевски. Во отворена и пријателска атмосфера потпретседателот Пешевски го истакна посебното значење што Владата го дава на образованието, задоволството од поддршаката што СОНК ја дава на сите зафати за подобрување на образованието, но исто спомена дека се свесни дека во одредени случаи се направени и погрешни чекори, пред се во брзината на спроведување на одредени реформски чекори. Потпретседателот Пешевски многу јасно го искажа и ставот дека СОНК е од исклучително значење на синдикален план во државата и секогаш ќе ја има поддршката на тој курс, посебно во социјалниот дијалог со Министерството за образование и наука.

Генералниот секретар на ЕИ и потпретседателот на ETUCE ги повторија истите ставови искажани во МОН и го изразија големото задоволство за приемот во Владата на Република Македонија, со желба сите надлежни субјекти да продолжат со градење на современ модел на образование, со стандарди што ќе бидат прифатени од страна на партнерите.

На крајот од посетата Фред Ван Ливен и Волтер Дрешер имаа работна средба и со претседателите на Регионалните одбори на СОНК од скопското подрачје на кој присуствуваше и потпретседателот на Советот на СОНК. На истата беа сумирани вкупните резултати од посетата, кои се оценети како исклучително значајни за натамошните активноисти и функционирањето на СОНК.

---

# “СТРУЧЊАЦИТЕ“ ОД НАСТАВНИЧКИОТ ПЛЕНУМ

## РЕАКЦИЈА НА ЕДЕН ОД МНОГУТЕ „СТРУЧНИ“ СОВЕТИ“ ОД НАСТАВНИЧКИОТ ПЛЕНУМ

Не можеме а да не изреагираме на еден од безброј “стручни“ совети, анализи, реклами и слични текстови од кујната на неформалната група на Наставничкиот пленум објавен на нивната страна под наслов ,, Имам свое Јас, излегувам од СОНК“ од 12-12-2015 год., нивната забеганост и немање на никаква релација со реалноста, ја покажаа можеби и досега најдобро во споменатиот текст. Имено, тврдењето дека утврденото право во Колективните договори што ги има потпишано СОНК во делот за класното раководство, како и за должината на годишниот одмор, според нив не важеле бидејќи поинаку било предвидено во Законот за работни односи!!!

Да кажеме дека ни е жал што дури ни тоа не го знаат, нема така да направиме, зошто ниту со тоа не можеме да им помогнеме. Ама, ќе го кажеме тоа што е принцип во колективното договарање дека секаде во светот, се разбира и кај нас, а тоа е: – со колективни договори треба да се обидете да ги зголемите

правата од работен однос што се утврдени со соодветни закони. А потпишаните колективни договори имаат сила на Закон и во правата што сте успеале да ги зголемите во однос на законите, тие одредби во колективните договори имаат повисока важност во однос на Законот во тој дел. Потпишаните колективни договори од страна на СОНК, колку и да не им е мило на Наставничките пленумци, важат исклучиво за членовите на СОНК и точка. Нека го прочитаат член 3 во било кој од колективните договори на СОНК и тогаш ќе им падне пајажината од очите.

А што да кажеме за нотoрната лага, која може да конкурира и за лага на годината, дека коефициентите во делот за платите од колективните договори:… ,, de facto коефициентот на сложеност од 3.5 престанува да важи и подоцна се заменува со 2.5”. Со тоа само покажуваат дека имаат помалку познавање и на најосновните, или најелементарните работи што треба да ги знаат од редот на општата писменост, а да не зборуваме што треба да знаете  што треба да си дозволите да учите некои други за кои мислите дека тоа не го знаат. Па, најмалку што треба да знаат е дека  систем на нето и систем на бруто плата е сосема, сосема нешто различно. Коефициентите од колективните договори од 2008 година се во нето износ, а со воведување на системот на бруто плати, истата висина на платите е претворена во износ на бруто коефициент, која е до денар во ист износ со нето платите.

Кога би било така како што тие напишале, тогаш платите од 2009 година би биле намалени за повеќе од 40% – каква гадост, во обид на перење на мозок.

А што да се каже за коментарите околу изборот за претседател на СОНК на 6-от Конгрес, како и повикот да се напушта СОНК затоа што не бил избран некој од нивните членови и кандидати што очекувале тоа да се случи. Ќе им препорачаме дека тоа можеби ќе им успее само со користење на нивниот спреј “магла“ за поттикнување за ртење на плевел,  произведено во лабораторијата на Наставничкиот пленум, ама само за зголемување на друштва слични на нив.

И како нешто за на крај, иако воопшто не сакаме со такви ниту почеток –  ниту крај, ама сепак имаат заслуги во потврдата дека покрај вселената, бескрајни се уште само глупостите и злобата!

---

# ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОСЕТА НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Фред Ван Ливен, Генерален секретар на Интернационалата за образование  (EI)  на 1 и 2-ри јуни оваа година, во придружба на Претседателот на Холандскиот синдикат за образование (АОВ), Волтер Дрешер,  ќе престојува во четврта посета на СОНК во последните 10 години.

Интернационалата за образование (EI)  е светска организација на синдикатите за образование во која членуваат 401 синдикати за образование од 172 земји, кои обединуваат над 30 милиони просветни работници. Нашиот синдикат беше примен за редовна членка на EI во 1998 година и тоа под уставното име на државата.

Со посебно задоволство СОНК памети и го истакнува големиот придонес што Интернационалата го има направено во поддршката на СОНК во изградба на современ, реформиран  и вистинка организација на своето членство  и посебна благодарност на сите членови кон Фред Ван Ливен,  кој толку искрено и енергично е секогаш со нашиот Синдикат.

Генералниот секретар, Фред Ван Ливен претходната посета ја имаше на V-от Конгрес на СОНК во октомври 2010 година, на кој се обрати пред делегатите на Конгресот и не ги криеше своите искрени признанија кон СОНК, како и јасно искажаната поддршка на нашиот Синдикат во натамошните негови активности.

Четвртата негова посета, која ќе се оствари за 10-тина дена е нов израз на генералниот секретар на поддршката и признавање на активностите на СОНК, што сите нас од СОНК треба и секако многу ни значи, бидејќи сигурно дека сме еден од ретките синдикати од Интернационалата кои го имале тоа задоволство Генералниот секретар да биде нивни гостин, а во нашиот случај дури и по 4-ти пат за 10 години.

Големо значење има и доаѓањето од страна на Претседателот на АОВ, нашиот докажан пријател Волтер Дрешер, кој по втор пат доаѓа во посета на СОНК и кој е најзаслужен за огромната подршка што СОНК ја имаше од АОВ, особено во првите години на реформирање на СОНК од III-от Конгрес, одржан на самиот крај на 2001 година, кога финансиска подршка беа организирани стотици семинари за раководствата на СОНК од претседатели на синдикални организации до највисокото раководство, како и едукација на 20-тина членови на СОНК, кои потоа одржуваа едукативни семинари со најголемиот број на членови на нашиот Синдикат.

СОНК знае да го цени, почитува и памети вистинското пријателство и ова без дилеми посебно се однесува токму на Генералниот секретар Фред Ван Ливен, на холандскиот синдикат АОВ и секако со исто значење и Американската федерација на учители (AFT). Сите тие неизбришливо се вградени во најголемиот гранскi синдикат во Република Македонија, сигурно и еден од најголемите грански синдикати во целиот Регион, а тоа е токму нашиот СОНК.

# СОНК ВО ЗАВРШНА ФАЗА ОД ПОДГОТОВКИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИОТ ПРОТЕСТ

Во организација на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС), раководството на СОНК влегува во завршна фаза на подготовките за најавениот социјален протест, што ќе се одржи на **17 јануари 2018 година во 5 минути до 12 часот**, пред Владата на Република Македонија.

На овој протест активно учество ќе земат 11 грански синдикати кои се здружени во КСС, кои на 21 Декември 2017 година донесоа Одлука со која јавно ќе го изразат своето незадоволство за односот на актуелната власт кон репрезентативните синдикати, неможноста преку социјален дијалог да ги остварат своите социјални барања, како и да го искажат својот револт за сé пожестокиот притисок на раководните лица во јавните установи врз синдикалните активисти. Ваквите состојби во дејностите што ги покриваат гранските синдикати во КСС, а секако и во СОНК, на раководствата и на членовите на синдикатите им даваат и погоем поттик и енергија за изразување на своето незадоволство преку протест, а особено по молкот и игнорантскиот однос на власта, која и покрај уредно доставена документација за протестот, сеуште не најде за потреба да разговара со раководството на КСС за проблемите на работниците во јавниот сектор и нивните барања.

Раководството на СОНК очекува во последната недела до одржување на протестот од страна на власта на сите нивоа, да се направи обид за спречување на членовите на нашиот синдикат да излезат на мирен протест. Ова ќе го сметаме за директно

мешање во работата на синдикатите, што е со Устав загарантирано право и за таквите постапки законодавецот предвидел и казна затвор до 3 години. Сакаме навреме да предупредиме и да укажеме дека секој оној кој ќе се обиде на било каков начин да го спречи социјалниот протест ќе биде соочен со правна постапка против него. Воедно, го охрабруваме нашето членство да пријавува и доставува информација и документација доколку има обид за дејствија од страна на лица или претставници на институции, со кои се попречува правото на протест. Исто така, сакаме да ги предупредиме и директорите и раководните лица на установите ( градинки, училишта, културни установи, високообразовни и научни установи) да не планираат активности како што се совети, семинари итн., во периодот кога е закажан Јавниот Протест. Со оглед дека протестот е закажан повеќе од две недели и таквите постапки на директорите ќе ги сметаме за обид на спречување за одржување на Јавниот Протест што е казниво според Кривичниот законик на Р. Македонија.

---

# СОНК на своите членови и пријатели синдикалци им ја честита претстојната 2020 година и им посакува добро здравје, многу среќа, успех и благосостојба

---

# ОТВОРЕНО ПИСМО ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Чувствуваме за потребно да се обратиме со таканаречено отворено писмо до сите членови на СОНК, а во тој контекст, секако и до раководствата на нашиот Синдикат на сите нивоа (од синдикалните организации, регионалните одбори, па се до највисоките органи на СОНК). Имено, повеќе месеци наназад направени се големи поместувања вкупно во државата и тоа во најзначајните сфери на функционирањето, со што се создадени битни промени во начинот на функционирање на значајните институции од аспект на социјалното партнерство и социјалниот дијалог. Веднаш да напоменеме дека ова не е ново искуство за СОНК, бидејќи такви драстични промени во сферата на функционирањето на органите на власта на сите нивоа во државава во изминативе повеќе од две децении, се случија неколкупати. СОНК особено од времето на неговото радикално реформирање, па се до денес многу успешно ги надминуваше сите ново создадени предизвици и тоа најмногу заради неговиот непроменет, а толку пати применет и проверен принципиелен став на максимално конструктивен и коректен социјален партнер и не отстапување од стратешките и суштински интереси на своето членство. Тоа СОНК го докажа и во времето кога власта ја имале сегашните позициони политички партии, но и кога на власт беа сегашните опозициони политички партии и за тоа имаме непобитни и докази и резултати од таквиот принципиелен и исправен однос на СОНК.

СОНК и сега е исправен пред многу важен предизвик за одбрана на веќе споменатите стратешки и суштински интереси на своето членство, и тоа не заради смена на политичките партии кои сега ја остваруваат власта, туку заради тоа што дел од носителите на исклучителни високи функции на дел од ресорите на национално ниво, кои се на чело на ресори кои се за нас од посебно значење: МТСП, МОН, Министерство за култура и

Министерство за финансии. Секако дека нашето членство, како и целата јавност знаат за проблемот со нефункционирање на Економско социјалниот совет – ЕСС, кој е исклучително значаен национален орган во кој се изразуваат интересите на трите социјални партнери во државата (власта, работодавачите и синдикатите) и покрај сите наши укажувања, реакции и слично, за жал и понатаму продолжува целосното пасивизирање, па дури може да се каже на некој начин и исмејување на овој орган.

Законската обврска на претставниците на органите на власта, во случајов на национално ниво, за остварување на социјален дијалог и преговори со репрезентативните синдикати, последните неколку месеци целосно не функционира. Последен пример на таквото крајно незаконско и недемократско однесување и од аспект на меѓународните стандарди, е предлогот на Министерството за финансии за Буџетот за наредната година. Без никаква консултација со социјалните партнери, која да повториме е задолжителна (според Законот за работни односи и Колективните договори), направена е кабинетска проекција во делот на платите за наредната година и на еден крајно неприфатлив начин соопштена на претставниците на работодавачите и на интересен состав на претставници на синдикати (од аспект на тоа дека дел од нив кои не се ни од далеку репрезентативни, а со тоа и нелегитимни за преговори), како и на претставници на невладини и граѓански организации кои по ниеден основ немаат надлежност во делот на правата од работен однос, е соопштена како конечна проекција, а е прифатена од страна на Владата.

СОНК во неколку наврати, уште пред повеќе од два месеци, заедно со КСС побара и најави преземање на порадикални средства доколку не дојде до процентуално усогласување на сите плати и во сите дејности соодветно со зголемувањето на висината на минималната плата. Тоа значи зголемување на сегашната основна плата на сите работни места за 19%. Наместо тоа, сега Министерството за финансии и Владата излегуваат со

неприфатливи 5% зголемување на платите за градинките, основните и средните училишта во нашите дејности и тоа со септемвриската плата, која треба да се исплати во октомври следната година!!! Не е предвидено никакво зголемување на платите за вработените во културата и високото образование, како дел од нашите дејности, како и во сите останати дејности од јавниот сектор, со исклучок само на здравството и одбраната. Ваквиот потег, сега веќе може да се каже на Владата, значи целосно згаснување на социјалното партнерство и социјалниот дијалог, како и целосно ставање вон сила на колективните договори, кои имаат сила на закон и без никаков законски основ интервенирање во делот на платите што е надвор од било каков правен систем.

Ова беше и главната причина за последната реакција на КСС се разбира и на СОНК, како дел од истата и најава на преземање на сите легитимни и легални средства за решавање на проблемите исклучиво во согласност со законите и колективните договори на нашата држава и секако согласно меѓународните конвенции.

Раководството на СОНК нема да отстапи од цврстите позиции на одбрана на утврдените права со закон и со колективните договори што ги има потпишано нашиот Синдикат и особено во одбраната на најсуштинските права од работен однос на нашите членови:

- сигурноста на работното место;
- сигурноста на платите соодветно на сложеноста на работното место и коефициентите според колективните договори и
- целосна заштита од било какви притисоци по било какви основи и слично.

Раководството на СОНК очекува изместените состојби во социјалното партнерство и непочитувањето на законите и колективните договори набрзо да бидат надминати, а во

спротивно, наскоро Советот на СОНК, како највисок орган на одлучување, ќе одржи седница на која ќе бидат утврдени натамошните активности на нашиот Синдикат, со мерки кои ќе бидат преземени соодветно на тоа како ќе се одвиваат натамошните состојби во врска со погоре изнесените проблеми.

Очекуваме и бараме од сите наши членови, цврсто да стојат на конгресните определби на нашиот Синдикат и правата и обврските кои произлегуваат од Статутот на СОНК, за што имаме целосна поддршка и од меѓународните синдикални организации, во кои СОНК е редовна членка, како и од сите самостојни слободни синдикати во нашата држава. Особено сакаме да укажеме и да ја потенцираме потребата од цврсто чување на единството и на монолитноста на Синдикатот, бидејќи тоа е од исклучителна важност за остварување на сите наши барања. Посебно треба да се чува во овој момент нашата организација од обидите за нејзино разбивање, а вистинската цел на таквите душегрижници не се за да бидат постигнати некакви повисоки цели, туку само реприза на нешто што веќе е видено пред десетина години (обидот за формирање СОНК при ССМ, МЕСО и слични артикли….), а сега како што е случајот во културата, каде што претседателот на таквата група, која ја прогласија за синдикат, сега е директор на една од најзначајните културни институции во нашата држава и… толку од ветувањата за големите резултати за другите вработени во културата.

Претседател,

Јаким Неделков